Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0207-1055/2
25.10 2018 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

## Од втората седница на Комитет на советите при ЗЕЛС

Скопје, 25 октомври, 2018 г.

ЗАПИСНИК
Од 2-та седница на Комитетот на советите при ЗЕЛС
Скопје, 25 октомври, 2018 г.

**Присутни:** Томе Солевски - Претседател на совет на општина Кочани, Тони Бојковски - Претседател на совет на општина Гази Баба, Башким Машкули - Претседател на совет на општина Дебар, Коле Чаракчиев - Претседател на совет на општина Радовиш, Изабела Павловска - Претседател на совет на општина Крива Паланка.

**Дискусија**

Комитетот на советите едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

**1. Запознавање со досегашните активности на Комитетот на совети;**

**2. Предизвици во работата на советите во општините и насоки;**

**3.Разно;**

**ПРВА ТОЧКА: Запознавање со досегашните активности на Комитетот на совети;**

Извршниот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ се обрати до присутните членови на Комитетот на советите при ЗЕЛС и ги потсети на задачите кои ги имаат како членови на ова тело. Посочи дека членовите на Комитетот треба активно да остваруваат средби со претседателите на совети на општините од посебните региони соодветно, да дискутираат и да увидат кои се реалните потреби, барањата и проблемите со кои се соочуваат и за истото да бидат известувани и советниците од општинските совети, бидејќи Комитетот на совети е тело кое може да придонесе за решавање на истите.

Посочи и дека седниците на Комитетот на совети при ЗЕЛС треба да бидат почести.

**ВТОРА ТОЧКА: Предизвици во работата на советите во општините и насоки**

1. Присутните членови истакнаа проблем со кој се соочуваат како претседатели на советите на општините во насока на недоволна и отежната комуникација и соработка со градоначалниците и општинската администрација и неможност за увид во реализацијата на донесените одлуки. Имено, советот на општината го донесува буџетот и претставува орган на општината со одговорна улога, а како таков не треба да биде деградиран и треба да биде поставен на повисоко ниво. Во оваа насока се дискутираше околу изборот на претседателите на советите на општините, истите да бидат опозициски поставени, како

еден од можните механизми за подобрување на соработката помеѓу градоначалниците и советите на општините. Особено беше истакната потребата од формирање на служба или сектор за помош и поддршка на работата на општинските совети, независна од градоначалниците, а која своевидно ќе ги поврзува советите на општините со општинската администрација.

**<u>ЗАКЛУЧОК:</u> Комитетот на совети бара од телата и органите на ЗЕЛС да се изнајде адекватно решение за формирање на одделение или сектор во зависност од големината на општината, за поддршка на советите на општините, кое нема да биде одговорно пред никој друг освен пред Претседателот на советот на општината и советниците.**

2. Недостатокот на канцеларии и простории каде претседателите на советите и советниците ќе можат да оствaрувaат средби и состаноци со граѓани, исто така беше истакнат како голем проблем со кој се соочуваат општинските совети.

Се дискутираше околу водењето на седниците на советите, предизвиците со кои се соочуваат при гласање и носење на одлуки, како и тоа дека иако седниците на советот се јавни, сепак поединци грубо ги кршат правилата, при што текот на седницата се снима и директно се пренесува преку мобилни апарати.

Присутните членови истакнаа потреба и од превземање на одговорност од страна на градоначалниците за донесени одлуки од страна на советите, а нереализирани од страна на соодветните служби.

Беше поведена дискусија и околу потребата за водење на јавни дебати и расправи при носењето на одлуките од страна на општинските совети. Инклузивноста на граѓаните е клучна за носење на правилни одлуки.

3. Во врска со неодамнешната одлука на Владата на Република Македонија за финансиска помош за решавање на проблемот со заостанатите долгови на општините, се дискутираше околу причините за настанување на истите, за потребата од подостапна прегледност на потрошените финансиски средства, покрај кварталните извештаи кои мора да бидат доставени до општинските совети како и за превземање на одговорност од страна на градоначалниците.

**<u>РАЗНО</u>**

1.Присутните членови поведоа дискусија и околу статусот на месните заедници и потребата од законски измени за дефинирање на правниот субјективитет на истите како правни лица, со свои вработени лица и определување на нивни законски надлежности, како би се зајакнале нивните капацитети и истите адекватно би функционирале.

Се дискутираше за недостатоците на рамномерниот регионален развој и други предизвици со кои се соочуваат претседателите на советите и советниците во рамките на нивното работење.

2 .Учество на оваа седница на Комитетот на советите зема и г. Илмиасан Даути, проектен менаџер, УНДП, кој на присутните членови го презентираше записникот од состанокот на претседателите на советите одржан на 13 Септември 2018, на кој се формирани тематски работни групи во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети", кој се имплементира од страна на УНДП во соработка со ЗЕЛС и Министерството за локална самоуправа, поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка. Тематските области се однесуваат на: еднакви можности меѓу мажите и жените и социјално вклучување, финансирање и буџет ( две групи), јавни дејности ( образование, култура, спорт), односи меѓу заедниците и урбанистичко планирање, комунални дејности и услуги / локален економски развој и заштита на животната средина.
Истиот беше разгледан и усвоен од страна на присутните членови на Комитетот на советите.

Г. Даути даде објаснување за досегашната имплементација на проектот, кои се рамките по кои се планира да се одвива натамошната реализација и инволвирање на сите општини. Истакна дека токму заклучоците и препораките кои ќе произлегуваат од напоменатите тематски групи, Комитетот на советите може да ги разгледува и усвојува, понатаму истите да бидат предадени на разгледување и усвојување од страна на повисоките тела на ЗЕЛС, а оттаму ЗЕЛС да ги канализира барањата до потребните институции.

Во насока на соработка со УНДП, членовите на Комитетот дадоа препорака да се забрза процесот на едукација на членовите на советите, како и беше даден предлог за одржување на обуки за советниците во насока на запознавање на нивните ингеренции како членови на совет и потреба од нивно професионално и одговорно однесување.

Беше поздравена досегашната соработка со УНДП, со желба за понатамошно имплементирање на проектните активности и успешно зајакнување на капацитетите на советите на општините, со цел доследно извршување на нивните надлежности.

Скопје 25 октомври, 2018 г.

Составил:
Стручната служба на ЗЕЛС